РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА КАПИТАЛНО ФИНАНСИРАНО ПЕНЗИСКО ОСИГУРУВАЊЕ
AGJENCIA PËR MBIKËQYRJE TË FINANCIMIT KAPITAL TË SIGURIMIT PENSIONAL
Бр.-Nr. 21-958/1
05.07. 2022 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Република Северна Македонија**

**Агенција за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување**

Врз основа на член 8 став (1) точка о) од Статутот на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (бр.01-385/3 од 18.03.2013 година, бр. 02-13/5 од 22.01.2014 година, 02-1316/4 од 11.11.2014 година, 02-83/3 од 30.01.2015 година, 02/1259/6 од 27.11.2018 година и 02-464/6 од 29.03.2019 година) Претседателот на Советот експерти на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување на ден 04.07.2022 година донесе

# ПЛАН ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈА

Целта на Годишниот план за спречување на корупција (во понатамошниот текст: План) на Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (во понатамошниот текст: Агенцијата). е обезбедување на структурен пристап за зголемување на информираноста на вработените и поширoката јавност за борбата против корупција, препознавање на ризиците кои произлегуваат од корупција, превземање на мерки за отстранување на ризиците и соработување со надлежните институции за санкционирање на сторителите.

Реализацијата на планот ќе и овозможи на Агенцијата да ја зајакне перцепцијата на јавноста за борбата против корупција и за превземените активности од страна на Агенцијата за спречување на корупцијата во капитално финансирано пензиско осигурување и на тој начин ќе ја афирмира својата веќе воспоставена позиција како регулаторна и супервизорска институција. Агенцијата во континуитет се грижи за интересите на членовите и на пензионираните членови на пензиските фондови и го поттикнува развојот на капитално финансираното пензиско осигурување со превземање на функционални активности за ефикасна борба против корупцијата.

Посебен акцент во справувањето со корупцијата ќе биде ставен на унапредување на личниот и професионалниот интегритет на вработените во Агенцијата од кои што ќе се очекува при извршувањето на задачите да применат соодветни знаења и вештини, етички капацитет, решителност и чесност, да работат во полза на јавниот интерес и на зголемување на довербата на јавноста, доследно да ги почитуваат законските и подзаконските акти.

Имајќи го предвид наведеното, Агенцијата особено внимание ќе посвети на:

МАПАС Стив Наумов бр.100, 1000 Скопје, тел/факс (+389-2) 3224-229/ 3166-452 www.mapas.mk

- Зголемување на интегритетот на вработените
- Професионализација, департизација и деполитизација на вработените
- Спроведување на континуирани обуки во Агенцијата
- Превземање на превентивни активности кон вработените и
- Зголемување на довербата на граѓаните и мотивирање да пријават корупција

Годишниот план на Агенцијата опфаќа една календарска година и ќе биде поделен на полугодишни периоди за идентификација, анализа и оцена на ризикот од корупција. Во секое полугодие ќе бидат опфатени одреден број на вработени и именувани лица во Агенцијата за проверка дали се водат од принципите на законитост, ефикасност, доверливост, независност, професионалност, чесност, отченост и транспарентност при нивното работење.

Акцискиот план за проверка на работењето на вработените и именуваните лица во Агенцијата е следен:

| Акциски план | | |
|---|---|---|
| Функција | Број | Полугодие |
| Вработени во Агенцијата | 29 | 1 (една) проверка на дел од вработените во првото полугодие |
| Именувани лица во Агенцијата | 5 | 1 (една) проверка на дел од членовите на Советот на експерти во второто полугодие |

Сите активности за борбата против корупција ќе бидат водени согласно мисијата на Агенцијата за остварување на посигурни пензионерски денови за граѓаните на Република Северна Македонија.

Претседател на Совет на експерти
Максуд Али